**20261161712**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Врз основа на член 53 став 6 од Законот за развој, производство и промет на воени стоки („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 298/21 и 58/26), министерот за надворешни работи и надворешна трговија, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на издавање на дозволите за вршење промет на воени стоки, формата и содржината на барањата за издавање на дозволите за вршење промет на воени стоки, потребната документација, како и формата и содржината на дозволите за вршење промет на воени стоки.

## 1. Индивидуални дозволи за извоз и увоз на воени стоки

Член 2

Барањето за издавање на индивидуална дозвола за извоз на воени стоки се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Барањето за издавање на индивидуална дозвола за увоз на воени стоки се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 3 на овој член, се дадени во Прилог бр.2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за издавање на индивидуалната дозвола за извоз, односно увоз со воени стоки, се доставува до Мини-стерството за економија и труд - Управата за наменско производство (во натамошниот текст: Управата).

Сите колони во барањето треба да бидат правилно и читливо пополнети.

Подносителот на барањето е одговорен за точноста и вистинитоста на податоците во барањето.

Кон барањето за издавање на индивидуалната дозвола за извоз, односно увоз со воени стоки, подносителот на ба-рањето ги доставува следните документи:

- копија од решението за согласност за вршење надворешен промет со воени стоки,
- тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 30 дена,
– спецификација на готова муниција и нејзините поединечни компоненти (чаури, капсули, барут и куршуми) или спецификација на огнено оружје ако барањето се однесува на горенаведените видови стока,

– спецификација на стоката, копија од документи во кои се наведува квалитетот и техничките карактеристики на стоката, скици, фотографии и друга документација за идентификација на стоката од Листата на воени стоки (во случај на хемикалии, структурната формула на супстанцијата и регистрацискиот број на услугата за хемиски апстракти на Chemical Abstracts Service – (CAS)),

– договор за продажба, потврди на нарачка, фактури или испратници,

- потврда за краен корисник во оригинална форма или копија заверена на нотар и превод од овластен судски пре-ведувач заверен на нотар,

- локација на потекло на воените стоки, доколку барањето е поднесено од брокер,

- потврда со која трговското друштво или трговецот поединец потврдува дека банкарската сметка преку која работи не е блокирана 30 дена пред приемот на барањето и

– доказ за платена административна такса.

Член 4

Барателот на индивидуална дозвола за извоз на воена стока треба да приложи дозвола за увоз издадена од надлежниот орган на земјата во која се извезува стоката и сертификат за краен корисник издаден или заверен од надлежниот орган на земјата во која се извезува стоката, во оригинална форма или копија заверена на нотар и превод од овластен судски преведувач заверен на нотар.

Доколку земјата на краен корисник не издава сертификат за краен корисник, барателот приложува и сертификат за крајниот корисник, заверен од надлежен орган во земјата на крајниот корисник. Доколку земјата на крајниот корисник не заверува сертификати за краен корисник, барателот приложува и незаверен сертификат за краен корисник со поднесување на меѓународен сертификат за увоз издаден од страна на надлежен орган во земјата на крајниот корисник. Доколку земјата на крајниот корисник не заверува сертификати за краен корисник и не издава меѓународен сертификат за увоз, барателот приложува и незаверен сертификат за крајниот корисник.

Дозволата за увоз од став 1 на овој член не треба да се приложи кон барањето за индивидуална дозвола за извоз ако надлежниот орган на земјата увозник издаде потврда дека не е потребно да се добие дозвола за увоз за предметната стока во земјата увозник.

Сертификатот за краен корисник од став 1 на овој член не треба да се приложи кон барањето за индивидуална дозвола за извоз ако станува збор за привремен извоз за цели на изложба, семинар, обука, тестирање, демонстрација или поправка на стока кај производителот, како и враќање на неисправна стока на производителот и извоз на примероци од оклопна или заштитна опрема, конструкции и компоненти од категоријата ML13-Список на воени стоки.

Член 5

Во случај на нецелосно пополнето барање за индивидуална дозвола за извоз, односно увоз со воени стоки, подносителот на барањето треба да ги отстрани недостатоците или да го дополни барањето за период од седум дена.

Управата може да го достави известувањето за недостатоците од став 1 на овој член писмено, по е-пошта или усно, за што ќе се состави службена забелешка.

Доколку подносителот на барањето не го дополни барањето или не ги отстрани недостатоците за кои е известен во предвидениот рок, ќе се смета дека се откажал од поднесеното барање.

Член 6

При поднесување на барањето за индивидуална дозвола за извоз, односно увоз, целата приложена документација потребно е да биде преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач и заверена на нотар.

Член 7

Индивидуалната дозвола за извоз на воени стоки се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на дозволата од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог бр.5, кој е составен дел на овој правилник.

Индивидуалната дозвола за увоз на воени стоки се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на дозволата од ставот 3 на овој член, се дадени во Прилог бр.6, кој е составен дел на овој правилник.

**2. Индивидуална дозвола за обезбедување услуга со воена стока**

Член 8

Барањето за издавање на индивидуална дозвола за обезбедување услуга со воена стока се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог бр. 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

Барањето за издавање на индивидуалната дозвола за обезбедување услуга со воена стока се поднесува до Управата.

Во Барањето треба прецизно да се дефинира видот на услугата за која станува збор и другите деловни активности поврзани со воената стока, вклучувајќи ги брокерските услуги и техничката помош.

Сите колони во барањето треба да бидат правилно и читливо пополнети.

Барателот е одговорен за точноста и вистинитоста на податоците во барањето.

Член 10

Во прилог кон барањето за издавање на индивидуалната дозвола за обезбедување услуга со воена стока, подносителот на барањето ги доставува следните документи:

- копија од решението за согласност за вршење надворешен промет со воени стоки,
- тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 30 дена,
– спецификација на готовата муниција и нејзините поединечни компоненти (футроли, капсули, барут и зрна) или спецификација на оружјето,
– копија од документи во кои се наведува квалитетот и техничките карактеристики на стоката, за стока од Листата на воени стоки (во случај на хемикалии, структурната формула на супстанцијата и регистрацискиот број на услугата за хемиски апстракти Chemical Abstracts Service – (CAS)),
– потврда за краен корисник во оригинална форма или копија заверена на нотар и превод од овластен судски преведувач заверен на нотар,
– заверена копија од дозволата за увоз,
– договор за обезбедување на услугата,

– потврда со која трговското друштво или трговецот-поединец потврдува дека жиро сметката преку која работи не е блокирана 30 дена пред на приемот на барањето и

– доказ за платена административна такса.

Не е потребно да се приложи дозволата за увоз од став 1 алинеја 6 на овој член, ако надлежниот државен орган на земјата во која се извезува стоката издаде потврда дека не е потребно да се добие дозвола за увоз за предметната стока во земјата на увоз.

Член 11

На барање на Управата или Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, давателот на услуги треба да достави потврда за прием на воена стока, издадена од крајниот корисник и заверена од надлежниот орган на земјата на крајниот корисник.

Член 12

Во случај на нецелосно пополнето барање за индивидуалната дозвола за обезбедување услуга со воена стока, подносителот на барањето треба да ги отстрани недостатоците или да го дополни барањето во период од седум дена.

Управата може да го достави известувањето за недостатоците од став 1 на овој член писмено, по е-пошта или усно, за што ќе се состави службена забелешка.

Доколку подносителот на барањето не го дополни барањето или не ги отстрани недостатоците за кои е известен во предвидениот рок, ќе се смета дека се откажал од поднесеното барање.

Член 13

При поднесување на барањето за издавање на дозволата за обезбедување услуга со воена стока, целата приложена документација потребно е да биде преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач и заверена на нотар.

Член 14

Дозволата за обезбедување услуга со воена стока се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на дозволата од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог бр.7, кој е составен дел на овој правилник.

**3. Индивидуална дозвола за транзит на воени стоки**

Член 15

Барањето за издавање инивидуална дозвола за транзит на воена стока се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог бр.4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 16

Барањето за издавање на индивидуалната дозвола за транзит на воени стоки, се доставува до Управата.

Сите колони во барањето треба да бидат правилно и читливо пополнети.

Подносителот на барањето е одговорен за точноста и вистинитоста на податоците во барањето.

Кон барањето за издавање на индивидуалната дозвола за транзит на воени стоки, подносителот на барањето ги доставува следните документи:

- копија од решението за согласност за вршење промет со воени стоки,
- тековна состојба Централен регистар, не постара од 30 дена,
- купопродажен договор/фактура/потврда на нарачка/испратница,
- сертификат за краен корисник, во оригинална форма или копија заверена на нотар и превод од овластен судски преведувач заверен на нотар,
- дозвола за увоз издадена од надлежен државен орган
- дозвола за извоз издадена од надлежен државен орган
- писмена изјава согласно Законот за развој, производство и промет на воени стоки,
- технички карактеристики, скици, планови, фотографии и други документи за идентификација на производот,
- докази за превозното средство (земја на потекло, вид, број на регистарски таблички и АДР сертификат за возилото) и докази за возачот (документ за идентификација, European Agreement Concerning the International Carriage of Dangerous Goods by Road –(ADR) сертификат за возачот) и
- доказ за платена административна такса.

Член 17

Во случај на нецелосно пополнето барање за индивидуална дозвола за транзит, подносителот на барањето треба да ги отстрани недостатоците или да го дополни барањето во период од седум дена.

Управата може да го достави известувањето за недостатоците од став 1 на овој член писмено, по е-пошта или усно, за што ќе се состави службена забелешка.

Доколку подносителот на барањето не го дополни барањето или не ги отстрани недостатоците за кои е известен во предвидениот рок, ќе се смета дека се откажал од поднесеното барање.

Член 18

При поднесување на барањето за индивидуална дозвола за транзит, целата приложена документација потребно е да биде преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач и заверена на нотар.

Член 19

Индивидуалната дозвола за транзит на воени стоки се издава на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на дозволата од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог бр.8, кој е составен дел на овој правилник.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот за издавање на дозволата за вршење на извоз–увоз, транзит и брокерски услуги, како и формата и содржината на барањето и дозволата за извоз- увоз, транзит и брокерски услуги на вооружување и воена опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/14).

Член 21

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| | Министер |
| Бр. 36-15543/26-3 | за надворешни работи и надворешна |
| 27 мај 2026 година | трговија, |
| Скопје | д-р **Тимчо Муцунски,** с.р. |

Образец Прилог бр.1

<table>
<tr><td colspan="3">БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИНДВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ НА ВОЕНИ СТОКИ<br>APPLICATION FOR EXPORT LICENCE OF MILLITARY GOODS</td><td colspan="3" rowspan="3">Приемен бр.</td></tr>
<tr><td colspan="3">БАРАЊЕ БР.<br>APPLICATION No.</td></tr>
<tr><td colspan="3">ЗЕМЈА ВО КОЈА СЕ ИЗВЕЗУВА:<br>COUNTRY OF EXPORT:</td></tr>
<tr><td colspan="2">1.ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>EXPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="4">2.УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број<br>IMPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">3.БРОКЕР (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>BROKER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="4">4.КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>END USER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. ОПИС НА СТОКИТЕ<br>DESCRIPTION OF GOODS</td><td colspan="2">Тарифна ознака/ML<br>CN code / ML</td><td>Количина<br>Quantity</td><td>Валута и вредност<br>Currency and Value</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">6. СОГЛАСНОСТ за промет:<br>APPROVAL No.</td><td colspan="4">7.Врска ( Connecting documents)<br>Увозна дозвола бр. (IIL No.) и<br>Потврда за краен корисник бр.<br>(EUC No.)</td></tr>
<tr><td colspan="6">8. ЕМБС на субјектот</td></tr>
<tr><td colspan="4">9. Име и презиме на подносителот на барањето (печатни букви):<br>Name of applicant:</td><td colspan="2">10. Датум и печат:<br>Date and stamp:</td></tr>
<tr><td colspan="4">11.Име и презиме на одговорното лице (печатни букви)<br>Name and title of authorized person</td><td colspan="2">12.Своерачен потпис на одговорното лице:<br>Signature of authorized person</td></tr>
<tr><td colspan="6">13. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ (STATEMENT OF THE APPLICANT)</td></tr>
<tr><td colspan="6">Јас како одговорно лице го поднесувам ова барање за издавање дозвола и потврдувам:<br>-веднаш ќе го известам Министерството за надворешни работи и надворешна трговија доколку добијам информација дека стоката целосно или делумно ќе биде наменета за развој, производство, употреба, одржување, чување, детекција, идентификација или ширење на оружје за масовно уништување, средства за негова испорака за воени цели во одредишта кои се под ембарго или за загрозување на националната безбедност.<br>I, as the authorized person, submit this application for a licence and confirm:<br>--I shall immediately notify the Ministry of Foreign Affairs and Foreign Trade if I receive information that the goods will be intended, in whole or in part, for the development, production, use, maintenance, storage, detection, identification or proliferation of weapons of mass destruction, means of their delivery for military purposes to destinations under embargo or for endangering national security.</td></tr>
<tr><td colspan="6">14. Ова барање е: (This application is:)<br>-ОДОБРЕНО ( APPROVED)<br>-ОДБИЕНО ( REJECTED)</td></tr>
</table>

Образец　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　Прилог бр. 2

<table>
<tr><td colspan="3">БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИНДВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА УВОЗ НА ВОЕНИ СТОКИ<br>APPLICATION FOR IMPORT LICENCE OF MILLITARY GOODS</td><td colspan="3" rowspan="3">Приемен бр.</td></tr>
<tr><td colspan="3">БАРАЊЕ БР.<br>APPLICATION No.</td></tr>
<tr><td colspan="3">ЗЕМЈА ОД КОЈА СЕ УВЕЗУВА:<br>COUNTRY OF IMPORT:</td></tr>
<tr><td colspan="2">1.УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>IMPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="4">2.ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број<br>EXPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">3.БРОКЕР (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>BROKER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="4">4.КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>END USER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. ОПИС НА СТОКИТЕ<br>DESCRIPTION OF GOODS</td><td>Тарифна ознака/ML<br>CN code / ML</td><td colspan="2">Количина<br>Quantity</td><td>Валута и вредност<br>Currency and Value</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td></td><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">6. СОГЛАСНОСТ за промет:<br>APPROVAL No.</td><td colspan="4">7.НАМЕНА НА УВОЗОТ<br>Purpose of import:</td></tr>
<tr><td colspan="6">8. ЕМБС на субјектот</td></tr>
<tr><td colspan="4">9. Име и презиме на подносителот на барањето (печатни букви):<br>Name of applicant:</td><td colspan="2">10. Датум и печат:<br>Date and stamp:</td></tr>
<tr><td colspan="4">11.Име и презиме на одговорното лице (печатни букви)<br>Name and title of authorized person</td><td colspan="2">12.Своерачен потпис на одговорното лице:<br>Signature of authorized person</td></tr>
<tr><td colspan="6">13. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ (STATEMENT OF THE APPLICANT)</td></tr>
<tr><td colspan="6">Јас како одговорно лице го поднесувам ова барање за издавање дозвола и потврдувам:<br>-веднаш ќе го известам Министерството за надворешни работи и надворешна трговија доколку добијам информација дека стоката целосно или делумно ќе биде наменета за развој, производство, употреба, одржување, чување, детекција, идентификација или ширење на оружје за масовно уништување, средства за негова испорака за воени цели во одредишта кои се под ембарго или за загрозување на националната безбедност.<br>I, as the authorized person, submit this application for a licence and confirm:<br>--I shall immediately notify the Ministry of Foreign Affairs and Foreign Trade if I receive information that the goods will be intended, in whole or in part, for the development, production, use, maintenance, storage, detection, identification or proliferation of weapons of mass destruction, means of their delivery for military purposes to destinations under embargo or for endangering national security.</td></tr>
<tr><td colspan="6">14. Ова барање е: (This application is:)<br>-ОДОБРЕНО ( APPROVED)<br>-ОДБИЕНО ( REJECTED)</td></tr>
</table>

Образец Прилог бр.3

| БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГА СО ВОЕНА СТОКА<br>APPLICATION FOR INDIVIDUAL IMPORT LICENCE FOR SERVICE WITH MILLITARY GOODS | | | Приемен бр. |
|---|---|---|---|
| БАРАЊЕ БР.<br>APPLICATION No. | | | |
| ЗЕМЈА ОД КОЈА СЕ УВЕЗУВА:<br>COUNTRY OF IMPORT: | | | |
| 1.ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>SERVICE PROVIDER (NAME AND ADDRESS) Identification No: | 2.ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број<br>EXPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No: | | |
| | | | |
| 3.УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>ИМПОРТЕР (NAME AND ADDRESS) Identification No: | 4.КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>END USER (NAME AND ADDRESS) Identification No: | | |
| | | | |
| 5. ОПИС НА СТОКИТЕ<br>DESCRIPTION OF GOODS | Тарифна ознака/ML<br>CN code / ML | Количина<br>Quantity | Валута и вредност<br>Currency and Value |
| | | | |
| 6. СОГЛАСНОСТ за промет бр:<br>APPROVAL No. | 7.ПОТВРДА ЗА КРАЕН КОРИСНИК бр.<br>END USER CERTIFICATE No. | | |
| 8. ЕМБС на субјектот | | | |
| 9. Име и презиме на подносителот на барањето (печатни букви):<br>Name of applicant: | | 10. Датум и печат:<br>Date and stamp: | |
| 11.Име и презиме на одговорното лице (печатни букви)<br>Name and title of authorized person | | 12.Своерачен потпис на одговорното лице:<br>Signature of authorized person | |
| 13. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ (STATEMENT OF THE APPLICANT) | | | |
| Јас како одговорно лице го поднесувам ова барање за издавање дозвола и потврдувам:<br>-веднаш ќе го известам Министерството за надворешни работи и надворешна трговија доколку добијам информација дека стоката целосно или делумно ќе биде наменета за развој, производство, употреба, одржување, чување, детекција, идентификација или ширење на оружје за масовно уништување, средства за негова испорака за воени цели во одредишта кои се под ембарго или за загрозување на националната безбедност.<br>I, as the authorized person, submit this application for a licence and confirm:<br>--I shall immediately notify the Ministry of Foreign Affairs and Foreign Trade if I receive information that the goods will be intended, in whole or in part, for the development, production, use, maintenance, storage, detection, identification or proliferation of weapons of mass destruction, means of their delivery for military purposes to destinations under embargo or for endangering national security. | | | |
| 14. Ова барање е: (This application is:)<br>-ОДОБРЕНО ( APPROVED)<br>-ОДБИЕНО ( REJECTED) | | | |

Образец Прилог бр.4

До
УПРАВА ЗА НАМЕНСКО ПРОИЗВОДСТВО

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ ИНДИВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ТРАНЗИТ НА ВОЕНИ СТОКИ**

1. Барање

Датум и место на поднесување на барањето Потпис на подносителот

| | |
|---|---|
| Назив на фирма и седиште на барател | |
| Назив на фирма и седиште на испраќач | |
| Назив на фирма и седиште на примач | |
| Назив на фирма и седиште на превозник | |
| Назив на фирма и седиште на производител на воените стоки | |
| Назив на фирма и седиште на крајниот корисник | |
| Податоци за вид, марка, калибар, категорија, количина, фабрички и сериски број на воените стоки (спецификација)тарифен број и број од "заедничка воена листа на ЕУ" | |
| Правец на движење (место од каде се испорачуваат воените стоки до излезен граниче премин и крајно одредиште) | |
| Вид и тип на превозно средство (земја на потекло, број на регистарски таблички, ADR сертификат за возилото) | |
| Лични податоци за возачот (име, презиме, земја на потекло, адреса, лична исправа – лична карта или пасош, и ADR дозвола за возачот | |
| Мерки за обезбедување за време на превозот | |

___.___ 20___. Скопје ____________________

Податоци за контакт __________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето ______________________

2.ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО

| |
|---|
| 1. |
| 2. |
| 3. |
| 4. |
| 5. |

| 3. ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО |
|---|
| Јас долу потпишаното одговорно лице го поднесувам ова БАРАЊЕ за издавање на ДОЗВОЛА за ТРАНЗИТ на ВОЕНИ СТОКИ и ПОТВРДУВАМ ДЕКА: |
| а) сите наведени податоци, информации и приложени документи во ова барање се точни и вистинити и целосно ги изразуваат условите и страните вклучени во трансакцијата.<br>б) ќе ги превземам сите неопходни дејствија за доставување на посочените транзитни услуги до декларираниот краен корисник.<br>в) ќе го известам писмено увозникот/примачот дека за промената на декларираната крајна употреба или крајниот корисник неопходно е претходно да се добие дозвола од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.<br>г) за секоја промена на условите во зделката веднаш ке го информирам Министерството за надворешни работи и надворешна трговија. |

Образец　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　Прилог бр.5

# ИНДИВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ НА ВОЕНИ СТОКИ

<table>
<tr><td colspan="2">РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА<br>Бул. „Филип Втори Македонски“ бр. 7, 1000 Скопје<br>Тел:+38923115266 Факс:+389 2 3115 790</td><td colspan="2">Број на дозвола:<br>(Licence No.)<br><br>ИНДИВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ИЗВОЗ<br>INDIVIDUAL EXPORT LICENCE</td></tr>
<tr><td colspan="4">Оваа дозвола ја издава Министерството за надворешни работи и надворешна трговија врз основа на Законот за развој, производство и промет на воени стоки.<br><br>This licence is issued by the Ministry of Foreign Affairs and Foreign Trade pursuant to the Law on Development, Production and Trade of Military Goods.</td></tr>
<tr><td>1.ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>EXPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="3">2.УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број<br>IMPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>3.БРОКЕР (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>BROKER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="3">4.КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број:<br>END USER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИТЕ<br>DESCRIPTION OF GOODS</td><td>Тарифна ознака/ML<br>CN code / ML</td><td>Количина<br>Quantity</td><td>Валута и вредност<br>Currency and Value</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">6.Врска ( Connecting documents)<br>Увозна дозвола бр. (IIL No.) и<br>Потврда за краен корисник бр.<br>(EUC No.)</td><td colspan="2">7. ВАЖИ ДО:<br>VALID TILL:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потпис на одговорно лице:<br>Signature of authorized person</td><td colspan="2">Датум и печат:<br>Date and stamp:</td></tr>
</table>

**Образец** **Прилог бр.6**

# ИНДИВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА УВОЗ НА ВОЕНИ СТОКИ

<table>
<tr><td colspan="3">РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА<br>Бул. „Филип Втори Македонски“ бр. 7, 1000 Скопје<br>Тел:+38923115266 Факс:+389 2 3115 790</td><td colspan="3">Број на дозвола:<br>(Licence No.)<br><br>ИНДИВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА УВОЗ<br>INDIVIDUAL IMPORT LICENCE</td></tr>
<tr><td colspan="6">Оваа дозвола ја издава Министерството за надворешни работи и надворешна трговија врз основа на Законот за развој, производство и промет на воени стоки.<br><br>This licence is issued by the Ministry of Foreign Affairs and Foreign Trade pursuant to the Law on Development, Production and Trade of Military Goods.</td></tr>
<tr><td colspan="2">1.УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>IMPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="4">2.ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број<br>EXPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">3.БРОКЕР (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>BROKER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="4">4.КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број:<br>END USER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. ОПИС НА СТОКИТЕ<br>DESCRIPTION OF GOODS</td><td>Тарифна ознака/ML<br>CN code / ML</td><td colspan="2">Количина<br>Quantity</td><td>Валута и вредност<br>Currency and Value</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td></td><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">6. ВАЖИ ДО:<br>VALID TILL:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Потпис на одговорно лице:<br>Signature of authorized person</td><td colspan="3">Датум и печат:<br>Date and stamp:</td></tr>
</table>

**Образец** **Прилог бр.7**

ИНДИВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГА СО ВОЕНИ СТОКИ

<table>
<tr><td colspan="3">РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА<br>Бул. „Филип Втори Македонски“ бр. 7, 1000 Скопје<br>Тел:+38923115266 Факс:+389 2 3115 790</td><td colspan="2">Број на дозвола:<br>(Licence No.)<br><br>ИНДИВИДАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГА<br>INDIVIDUAL LICENCE FOR SERVICE</td></tr>
<tr><td colspan="5">Оваа дозвола ја издава Министерството за надворешни работи и надворешна трговија врз основа на Законот за развој, производство и промет на воени стоки.<br><br>This licence is issued by the Ministry of Foreign Affairs and Foreign Trade pursuant to the Law on Development, Production and Trade of Military Goods.</td></tr>
<tr><td>1.ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број:<br>SERVICE PROVIDER (NAME AND ADDRESS)<br>Identification No:</td><td colspan="4">2.ИЗВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА) Идентификациски број<br>EXPORTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>3.УВОЗНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број:<br>IMPRTER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td><td colspan="4">4.КРАЕН КОРИСНИК (НАЗИВ И АДРЕСА)<br>Идентификациски број:<br>END USER (NAME AND ADDRESS) Identification No:</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>5. ОПИС НА СТОКИТЕ<br>DESCRIPTION OF GOODS</td><td>Тарифна ознака/ML<br>CN code / ML</td><td colspan="2">Количина<br>Quantity</td><td>Валута и вредност<br>Currency and Value</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td colspan="2"></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">6.Врска (Connecting documents)<br>Увозна дозвола бр. (IIL No.) и<br>Потврда за краен корисник бр.<br>(EUC No.)</td><td colspan="2">7. ВАЖИ ДО:<br>VALID TILL:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Потпис на одговорно лице:<br>Signature of authorized person</td><td colspan="2">Датум и печат:<br>Date and stamp:</td></tr>
</table>

**Образец** **Прилог бр.8**

# ИНДИВИДУАЛНА ДОЗВОЛА ЗА ТРАНЗИТ НА ВОЕНИ СТОКИ
# INDIVIDUAL TRANSIT LICENCE OF MILITARY GOODS

<table>
<tr><td rowspan="9">Д<br>О<br>З<br>В<br>О<br>Л<br>А<br><br>/<br><br>L<br>I<br>C<br>E<br>N<br>C<br>E</td><td rowspan="2">1. Испраќач-Извозник/Exporter</td><td>2. Идентификациски број/ Identification number</td><td colspan="2">3. Важи до/Expiry date</td></tr>
<tr><td colspan="3">4. Информации за контакт /Contact point details<br>Tel .No . +389 3 115-266<br>1000 Скопје, Булевар „Филип Втори Македонски“ бр.7<br>1000 Skopje, 7 Philip II of Macedon Blvd.</td></tr>
<tr><td>5. Примач/Consignee</td><td colspan="3">6. Дозволата ја издава/Issuing authority<br>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА /REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА/MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS AND FOREIGN TRADE</td></tr>
<tr><td rowspan="2">7. Застапник/Претставник/ Agent/Representative</td><td colspan="2">8. Земја на потекло/Country of origin</td><td>Код(1)/ Code</td></tr>
<tr><td colspan="2">9. Земја на примач/Country of consignment</td><td>Код(1)/ Code</td></tr>
<tr><td>10. Краен корисник/End user</td><td colspan="2">11. Земја на крајна дестинација/Country of final destination</td><td>Код(1)/ Code</td></tr>
<tr><td>12. Превозник / transport</td><td colspan="3">13. Лични податоци за возачот (име, презиме, земја на потекло, адреса, лична исправа - лична карта или пасош, и АДР дозвола за возачот)/Personal data driver (name, sur-name, countru of origin, address, identity document – ID or passport and ADR drivers license )</td></tr>
<tr><td>14. Вид и тип на превозно средство (земја на потекло, број на регистарскли таблички, ADR сертификат за возилото)/ Kind and type of vehicle (country of origin, number of plates, ADR certifi-cate for the vehicle)</td><td colspan="3">15. Мерки за обезбедување за време на превозот /Security measures during transport</td></tr>
</table>

| 16. Опис на воените стоки (2)/ *Description of items* | Тарифна ознака/ *HS tariff code* | Број од НКВЛ /Num-ber of CLM of EU | Единечна мерка/ Unit *measure* | Количина / *Quantity* | Валута и Вредност/ *Currency and Value* |
|---|---|---|---|---|---|

[1] Се впишува меѓународниот код на земјата/ *Indicate the International code of the country*
[2] Доколку е потребно, овој опис може да се даде во еден или повеќе прилози на овој образец. Во овој случај, во полето наведете го точниот број на прилози/*If needed this description may be given in one ore more attachments to this form. In this case indicate the exact number of attachments in this box.*

| 1. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупна вредност на зделката ([3]) / Total value of transaction** | | | | | |

| | |
|---|---|
| **17. Датум на договорот /*Contract date*** | **18. Царинска постапка/Customs procedure** |

<table>
<tr><td rowspan="3">19. Маршрута за премин преку територијата на Република Северна Македонија/ Route for passage through the territory of the Republic of North Macedonia</td><td colspan="2">20. Царинска испостава на Република Северна Македонија/ Customs office of the Republic of North Macedonia</td></tr>
<tr><td>На влез/Entry</td><td>На излез/Exit</td></tr>
<tr><td>Печат/Stamp</td><td>Печат/Stamp</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **1.Оваа дозвола е издадена согласно Законот за развој, производство и промет на воени стоки и може да се користи единствено од лицето на кое е издадена/ This licence is issued according to the Law on Development, Production and Trade of Military Goods and may be used only by the person to whom the license is issued**<br><br>**2.Барателот на кој му е издадена дозволата треба веднаш да го извести Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за промена на условите дадени во дозволата/ Exporter to whom the license is issued have to inform the Ministry of foreign affairs and foreign trade about the change of conditions given in the license** | **Пополнува органот кој ја издава дозволата/** ***For completion by issuing authority***<br><br>**Потпис /Signature: Печат /Stamp:**<br><br>**Министер**<br><br>**Надлежен орган:**<br>**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА /REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**<br>**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА/MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS AND FOREIGN TRADE**<br><br>**Датум/Date ________________** |

[3] Се пополнува и на последната страна од прилозите/*Filled in on the last page of attachments*

ТРАНЗИТ НА ВОЕНИ СТОКИ
TRANSIT OF MILITARY GOODS

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 bis | 1. Транзитна фирма/Transit company | 2. Идентификациски број/ Identification number | |
| ДОЗВОЛА/LICENCE | 16.. Опис на стоките/Description of items | 18. Тарифна ознака/Commodity code | 19. Број од ЗВЛ/ Number of CLM of EU |
| | | 20. Валута и вредност/Currency and Value | 21. Количина на стоките/ Quantity of the item |
| | 16.. Опис на стоките/Description of items | 18. Тарифна ознака/Commodity code | 19. Број од ЗВЛ/ Number of CLM of EU |
| | | 20. Валута и вредност/Currency and Value | 21. Количина на стоките/ Quantity of the item |
| | 16.. Опис на стоките/Description of items | 18. Тарифна ознака/Commodity code | 19. Број од ЗВЛ/ Number of CLM of EU |
| | | 20. Валута и вредност/Currency and Value | 21. Количина на стоките/ Quantity of the item |
| | 16.. Опис на стоките/Description of items | 18. Тарифна ознака/Commodity code | 19. Број од ЗВЛ/ Number of CLM of EU |
| | | 20. Валута и вредност/Currency and Value | 21. Количина на стоките/ Quantity of the item |
| | 16.. Опис на стоките/Description of items | 18. Тарифна ознака/Commodity code | 19. Број од ЗВЛ/ Number of CLM of EU |
| | | 20. Валута и вредност/Currency and Value | 21. Количина на стоките/ Quantity of the item |
| | 16.. Опис на стоките/Description of items | 18. Тарифна ознака/Commodity code | 19. Број од ЗВЛ/ Number of CLM of EU |
| | | 20. Валута и вредност/Currency and Value | 21. Количина на стоките/ Quantity of the item |
| | 16.. Опис на стоките/Description of items | 18. Тарифна ознака/Commodity code | 19. Број од ЗВЛ/ Number of CLM of EU |
| | | 20. Валута и вредност/Currency and Value | 21. Количина на стоките/ Quantity of the item |

Заверка од страна на надлежен орган на Република Северна Македонија

_______________ ______________________________
_______________

Дата Име и презиме /функица Потпис и печат